Број	Катастарска парцела	Катастарска општина	Број на објект	Катност	Површина на дел од КП во проектен опфат (m²)	Површина под објект (m²)	Вкупна изградена површина (m²)	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност	Класа на намена	Вид на конструкција	Состојба на објект
1	КП 6608/3	КО СТРУМИЦА			462 m²							
2	КП 6608/1				41313 m²							
	далекуводен столб		1	/	6,35 m²							
3	КП 6281/1				1135 m²							
ВКУПНО :					**42916 m²**					/	/	/

б. Инвентаризирани комунални инфраструктурни градби

Пред одпочнување на проектирање побарани се податоци, информации и мислења за проектен опфат за изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за изградба на нов Градски пазар на ГП 5, од Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица,** во постапка бр. 46197 на системот е-урбанизам, согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 32/20),член 47 став 2 од субјектите кои ги вршат работите од областа на заштита на животната средина, заштита на културното наследство, заштитата и спасувањето, здравствената заштита, образованието, земјоделието, водостопанството,транспортот и врските, воздухопловството, безбедноста, јавните патишта, како и субјектите надлежни за изградба и одржување на сообраќајна,водоводна, канализациона, електроенергетска, телекомуникациска, топловодна и гасоводна инфраструктура.

Согласно Член 47 , став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 32/20), Субјектите кои не доставија податоци и информации во предвидениот рок (15 работни дена), односно не одговорија на барањето, се смета дека не располагаат со истите, при што евентуалните идни штети настанати поради недостасувањето на податоците и информациите ќе бидат на нивни товар

Во прилог дадени се:

1. Листа на Институции (Субјекти) до кои е испратено Барање за податоци и информации со детален преглед на датумот кога е испратено и кога е одговорено
1. Одговори на Барањето за податоци и информации

Распоредот на овие инфраструктурни инсталации презентиран е во графичкиот дел.

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Сообраќајна мрежа
- Водоводна мрежа
- Канализациона мрежа
- Електрична мрежа
- Телекомуникациска мрежа

Сообраќајна мрежа

Сообраќајниот пристап до локалитетот е од постоечка индустриска улица бр. „2“ која не е раелизирана во целост што е видливо во графичките прилози . Планираната индустриска улица бр. „2“ треба да се реализира согласно важачеката Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.).

Водоснабдување

ЈП Комуналец Струмица со допис бр.10-6393/2 од10.10.2022 година достави податоци за постоечка мрежа за водоснабдување по ул Братство и Единство со дијаметар Ø140 и по улица Агрикор со дијаметар Ø110.

Канализациона мрежа

ЈП Комуналец Струмица со допис бр.10-6393/2 од10.10.2022 година достави податоци за постоечка атмосферска инфраструктура по ул Братство и Единство со дијаметар Ø500 и по улица Агрикор со дијаметар Ø400, додека постоечка фекална инфраструктура има по улица Агрикор со дијаметар Ø500.

Електроенергетска мрежа

На предметната локацијата во рамките на проектниот опфат постои Електроенергетска мрежа согласно допис од ЕВН бр. 10-23/5-312 од 20.10.22.

- АД”МЕПСО”- има доставено допис со арх.бр.11-5409/1 од 07.10.2022год дека во рамките на проектниот опфат поминува далекувод од 110кV и едно столбно место.

Телекомуникациска мрежа

АЕК со допис бр. 1404-2829/2 од 14.10.2022 во постапка бр46197 известува дека во проектниот опфат има ТК инсталации

- Македонски Телеком - АД -Техничка слижба за подземни инсталации во постапка бр46197 во законскиот рок не достави податоци

А1 Македонија ДООЕЛ Скоје во постапка бр46197 во законскиот рок не достави податоци-
Министерство за внатрешни работи на Р.М. сектор- телекомуникации во постапка бр46197 во законскиот рок не достави податоци

Гасоводна инфраструктура

На предметната локацијата во рамките на проектниот опфат не постои Гасоводна мрежа согласно доставен допис од НЕР со арх.бр. 15-2855/1 од 03.10.2022година.
ГАМА во постапка бр46197 во законскиот рок не достави податоци

Други податоци и информации од субјектите од член 47 од законот за просторно и урбанистичко планирање релевантни за постојната/планирана состојба во проектниот опфат

Со допис од Министерство за култура бр.17-2589/2 од 18.10.2022година известува дека нема заштитени добра во проектниот опфат

Со допис од Дирекција за заштита и спасување , Подрачно одделение Струмица бр.09-307/2 од 30.09.2022година известува дека нема своја инфраструктура и доставува услови за заштита и спасување кои треба да се вградст во проектната документација.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

Реализацијата на градежната парцела 5 се планира со разработка со урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште согласно Законот урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22.

Просторот ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето и параметрите од Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.), во рамки на градежна парцела 5 се дефинирани услови за изградба:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГП 5 СПОРЕД ИЗВОД БРОЈ 20-1939/1 ОД Измена и дополна на ДУП за Блок 9 (ОДЛУКА БР. 07-773/3 ОД 31.01.2013 ГОД.)							УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВ ГРАДСКИ ПАЗАР НА ГП 5, ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА БЛОК 9, ОПШТИНА СТРУМИЦА.		
	Број на градежна парцела	Површина на градежна парцела (m^2)	Површина за градење (m^2)	Бруто развиена површина (m^2)	Висина на хоризонтален венец	Катност	Основна класа на намена	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност
	1	2	3	4	5	6	7	8	9
	5	43020 m^2	21510 m^2	64530 m^2	H=11,00m	П+2	Б2 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ ПАЗАРИ	50%	1,50
	ВКУПНО:	43020 m^2	21510 m^2	64530 m^2				50%	1,50

Програмски урбанистичкиот проект е дефиниран како “ НОВ ГРАДСКИ ПАЗАР “ во градежна парцела 5 со намена :

Б2 – големи трговски единици (затворен пазар)

Со проектното решение покрај основната класа на намена предвидена е и компитабилна класа на намена во границите на дозволениот процент на учество на компатибилната класа на намени во однос на основната класа на намена во парцелата и тоа:

- Б3- големи угостителски единици

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

Процентот на компатибилните намени не го надминува дозволениот процент на компатибилни намени согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/10)

Површината на градежната парцела 5 е корегирана согласно Проектната програма изготвена и потпишана од Општина Струмица согласно Геодетски елаборат за нумерички податоци бр.08-064-7/2022 од 21.09.2022година каде е констатирана техничка грешка во однос на површината на градежната парцела и Претходно изготвена и потпишана Проектната програма од Општина Струмица во која се дефинирани основните програмски барања согласно тендерска документација, како и одобреното концептуално архитектонско решение со кои се дефинирани условите за изградба:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ СПОРЕД УП ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВ ГРАДСКИ ПАЗАР НА ГП 5, ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА БЛОК 9, ОПШТИНА СТРУМИЦА 2022 год.							УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВ ГРАДСКИ ПАЗАР НА ГП 5, ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА БЛОК 9, ОПШТИНА СТРУМИЦА.		
	Број на градежна парцела	Површина на градежна парцела (m²)	Површина за градење (m²)	Бруто развиена површина (m²)	Висина на хоризонтален венец	Катност	Основна класа на намена	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност
	1	2	3	4	5	6	7	8	9
	5	42916 m²	21510 m²	64530 m²	H=11,00m	/	Б2 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ ПАЗАРИ	50%	1,50
	ВКУПНО:	42916 m²	21510 m²	64530 m²				50%	1,50

Со изработката на урбанистичкиот проект треба да се постигнат следните цели:

- Да се обезбеди добро организирана пазарна површина затворена со транспарентна ограда со обезбедување на санитарно хигиенски услови, сообраќај за пристап и испорака на производи, паркирање и приклучок на комунална инфраструктура за нормално функционирање на обектот.
- Проектното решение на урбанистичкиот проект треба да биде основа за понатамошна изработка на основни проекти за градбите согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20).

3.1 Опис на дејностите или активностите кои се одвиваат во проектниот опфат

Појдовна основа за изработка на Распоредот на објектите во градежната парцела 5 е Проектната програма изготвена и потпишана од Општина Струмица согласно Геодетски елаборат за нумерички податоци бр.08-064-7/2022 од 21.09.2022година каде е констатирана техничка грешка во однос на површината на градежната парцела и Претходно изготвена и потпишана Проектната програма од Општина Струмица во која се дефинирани основните програмски барања согласно тендерска документација, како и одобреното концептуално архитектонско решение со кои се дефинирани условите за изградба.

Со урбанистичкото решение е организирана пазарна површина со два колски влеза (еден службен за товарни возила каде е планиран дотур на производи и санитарно хигиенски возила за чистење и одвоз на сметот и втор за лесни возила, мотори и велосипеди кој е планиран за посетители) затворена со транспарентна ограда.

Врз таа основа оформен е концептот со кој се предвидува изградба на нов градски пазар **(5.1)** во кој ќе се одвива продажба на прехрамбени производи со потребните комплементарни и компитабилни намени како што се, администрација , угостителство и изградба на **портирница (5.2)** на службениот влез каде се прави дотур на производи и одржување на хигиената која ќе овозможи контролиран влез и излез во комплексот , и слободен влез за посетителите со доволно паркинг места организирани од двете страни на улица 1 со профил од 6 метри која се движи околу новиот градски пазар што овозможува непречено функционирање на сообраќајот.

Пешачкиот пристап за посетители во објектот е овозможен од двете подолги страни на пазарот. На овој начин се овозможува во иднина доколку се појави потреба за тоа да се отворат дополнителни пристапи кон локацијата од собирната улица како и еден поголем зелен простор од 17205м² кој може да се користи како парк со содржини кои би овозможиле целодневена забава за жителите на Струмица.

Со урбанистичкото решение е дозволена катна висина П+2 и максималната висина е 11м.Површината на градбата е 8409м²,а развиената површина е 16794 м².

НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ПО ДУП	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2	БРОЈ НА ОБЈЕКТ	КЛАСА НА НАМЕНА	ОБЈЕКТ	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ м	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ м2	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА	ПАРКИРАЊЕ
5.	42916	5.1	Б2 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ ПАЗАРИ	ЗАТВОРЕН ПАЗАР	П+2	11	8384	16769	0,391	19,54%	240	ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
		5.2		ПОРТИРНИЦА	П	5	25	25	0,001	0,06%	0	
				ВКУПНО ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ ВО ГП 5.			8409	16794	0,391	19,72%	240	
		5.3		ПОВРШИНА ЗА ДИГАЛКИ И ВИЉУШКАРИ	/	/	48					
		5.4		ПОВРШИНА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА СМЕТ	/	/	6					
		5.5		ДАЛЕКУВОДЕН СТОЛБ	/	/	46					
				ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ-УЛИЦИ	/	/	9812					
				ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ-ТРОТОАР	/	/	4963					
				ЗЕЛЕНИЛО КАЈ СООБРАЌАЈНИЦИ			2426					
				ЗЕЛЕНИЛО	/	/	17205					
		ВКУПНО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 5.					42916	16794	0,391	19,72%	116+4	ВО ГП

3.2. Проектно решение на внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Уличната мрежа за пристап до градежната парцела 5 е поставена со Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.), а од југозапад се граничи со коритото на Крива река.

Истите се со следна структура на сообраќајен профил:

Примарна улична мрежа

Собирна улица:

1. ул. "Климент Охридски".(улица 3)
Сообраќаен коридор според ДУП
-вкупно.....17,00 м'

индустриска улица:

2. ул. " 2 "
Сообраќаен коридор според ДУП
-вкупно.....10,00 м'

3. коритото на Крива река
-вкупно.....11,00 м'

За градежната парцела 5 поради специфичноста на класата на намена Б2 (затворен пазар – комплекс "Нов Градски пазар ") со урбанистичкото решение е организирана пазарна површина каде се предвидени 2 сообраќајни точки на поврзување со околната сообраќајна мрежа . При тоа е направена сепарација на оделни пристапи по типови на возила кој можат да пристапат до истите.

Улица 2 е со профил од 7метри и служи за сообраќај на товарни возила , а улица 1 е со профил од 6 метри и служи за сообраќај на лесна возила, мотори и велосипеди. Истите овозможуваат кружно движење со паркирање.

Од влезот за посетители се развива улица која ја обиколува зградата на пазарот од три страни на која се надоврзува паркинг просторот за посетителите. Паркинг просторот е раздвоен од зградата со жардињери подигнати од нивото на улицата за да се оформи чист простор за движење и простапи на пешаците кон зградата. Паркинг просторот е поделен на паркинг за автомобили, паркирање на мотори, и паркирање на велосипеди. Паркинг просторот е димензиониран по реалните потреби на градот Струмица, кои не ги надминуваат потребите на паркинг местата според Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/10).

Главен планиран пешачки пристап е предвиден од ул. 2 , додека во останатиот дел од Комплексот е формиран парковскиот дел кој овозможува во иднина доколку се појави потреба за тоа да се отворат дополнителни пристапи кон локацијата од собирната улица и може да се користи како парк со содржини кои би овозможиле целодневена забава за жителите на Струмица.

Радиусите и кривините на уличната мрежа се дадени адекватно со прописите од сообраќај и се стандардни.

Сообраќајните профили на новопредвидените внатрешни сообраќајници како и останатите елементи (радиуси на кривини, нагиб и слично), се во склад со насоките на Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22).
За планираната улична мрежа е изготвено нивелационото решение со кое се дефинирани висинските коти и координати на осовински точки како и надолжни наклони на нивелетите.

Нивелационото решение на градежната парцела произлегува од композиционото урбанистичко решение, како и од постојната состојба – конфигурација на теренот. Сите сообраќајни површини пешачки и моторни дефинирани се и меѓусебно поврзани со надолжни нагиби на нивелетите, односно дефинирани висински коти. Појдовна основа за изработка на нивелацискиот план се висинските коти на постојната улица “Агрикор” (улица “3 “) и ул “2”. Постојните подолжни падови на овие сообраќајници се во границите на дозволени за ваков вид сообраќајници .

Потребата за паркирање на моторни возила (стационарниот сообраќај) согласно Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.), е предвидено да се решава во рамките на градежната парцела 5 согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/10).

Сообраќајните потреби на комплесот треба да ги задоволат следните стандарди:

Б2 – големи трговски единици (затворен пазар)
1 паркинг место на 70 м2 вкупно изградена површина

Бруто развиена површина за затворен пазар – комплекс “Нов Градски пазар ” изнесува 16794 м² согласно што вкупниот број на паркинг места изнесува 240 што е основниот услов за постигнување на максималната висина и максимално дадената бруто развиена површина.

Во проектот се обезбедени 245 места за автомобили, 8 места за мотори и 60 места за велосипеди. Во рамките на влезот за товарни возила и достава на намирници се испланирани 66 паркинг места за мали камиони и посебни места за камиони наменети за собирање смет.

Со Идејниот проект предвиден е приземен објект каде бруто површина е 8409м² и се потребни 120паркинг места, но ако се утврди потреба за надградба на планираниот пазар обезбедени се потребните паркинг места и може со одобрување на нов Идеен проект согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20) да се продолжи без повторување на постапката за одобрување нов Урбанистички проект .

Од вкупниот број паркинг места се планираат 3% за инвалидизирани лица што пресметано изнесува 7 паркинг места.
Обезбедени се 12 паркинг места

ТАБЕЛА СО ОБЕЗБЕДЕНИ ПАРКИНГ МЕСТА ВО РАМКИТЕ НА Г.П.5. СОГЛАСНО УП					
БРОЈ НА ПАРКИНГ			ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА	ОБЕЗБЕДЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА согласно Програмски барања на Инвеститор	ПАРКИРАЊЕ
311	ПАРКИНГ МЕСТА ЗА ВРАБОТЕНИ И ПОСЕТИТЕЛИ		233	233	во парцела
	ПАРКИНГ МЕСТО ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ		7	12	
	МАЛИ КАМИОНИ И ПОСЕБНИ МЕСТА ЗА КАМИОНИ НАМЕНЕТИ ЗА СОБИРАЊЕ СМЕТ		/	66	
	ОБЕЗБЕДЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА		240	245 +66	
60	ПАРКИНГ МЕСТА ЗА ВЕЛОСИПЕДИ		/	60	
8	ПАРКИНГ МЕСТА ЗА МОТОРИ		/	8	

3.3. Проектно решение на озеленување

Значаен дел на комплексот е наменет како парковско зеленило. Истиот го опфаќа југоисточниот дел на комплексот и изнесува 17205м², односно 40,09 % од парцелата. Решението на паркот треба да се утврди со посебен проект за хортикултурно уредување по највисоките европски хортикултурни и естетски стандарди.

Во Проектот за хортикултура треба да се предвидат отворени тревни површини ограничени со високи и средно-високи дрвја.Употребата на грмушки и групации ниско зеленило да биде ограничена и проверена во близина на објектите, настрешниците и контролните точки на пешачките патеки.
Да се предвидат растенија кои се локални, лесни за одржување и се отпорни на болести и инсекти.

Растенијата да се постават така да не ја нарушуваат видливоста , циркулацијата и безбедноста на возачот/ пешакот.
Зеленилото меѓу сообраќајниците изнесува 2426,24м², односно 5,65 % од парцелата.

Влезовите во комплексот да бидат соодветно означени , како и објектите со соодветен правец на движење, притоа да нема мртви точки на движење и контрола на околината што е видливо од графичките прилози.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА -РЕКАПИТУЛАР НА ПОВРШИНИ					
ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ м2	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ СОГЛАНО УП
5	42.915,77	Б2 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ ПАЗАРИ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	8409,49	19,60%
			ПОВРШИНА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА СМЕТ	45,5	0,11%
			ДАЛЕКУВОДЕН СТОЛБ	6,35	0,01%
			ПОВРШИНА ЗА ДИГАЛКИ И ВИЉУШКАРИ	47,50	0,11%
			ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ-УЛИЦИ	9812,49	22,86%
			ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ-ТРОТОАР	4963,32	11,57%
			ЗЕЛЕНИЛО КАЈ СООБРАЌАЈНИЦИ	2426,24	5,65%
			ЗЕЛЕНИЛО	17204,90	40,09%
			ВКУПНО	42916	100,00%

3.4. Проектни решенија за приклучоците, објектите и водовите на внатрешен развод на хидротехничките инсталации

Планираниот развој за водоснабдување и одводнување на фекалните отпадни и атмосферски води во градежните парцели опфатен со урнабистички проект, се заснива врз основа на Извод од Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.) и писмата добиени како одговор од институциите.

Водовод и канализација
Вкупните потреби од вода на комплексот произлегуваат од новопланираните потреби на комплекс "Нов Градски пазар ". Истите се пресметани според:

Потребни количини на санитарна вода:
Q мах/час. = Нк.Qo.a1.a2 = л/сек.

Нк = 4000 планиран број на корисници (95000жители *4,0%)
a1 = 1,5 коефициент на дневна нерамномерност
a2 = 1,3 коефициент на часова нерамномерност.
Q мах/час. = 45,13 л/сек.
Потребна противпожарна количина на вода:
Q пож. = 10,00 л/сек.
За поливање на сообраќајници, зелени површини и др. ќе се користи технолошка вода од посебни изворници за таа намена.
Водоводно комплексот ќе се снабдува со вода од планираната прстенесто поставена водоводна мрежа во склоп на комплексот со Ф80 – Ф110 мм. Од стрна на Јавното комунално претпријатие Струмица ќе треба да се потврди постојната напојната точка за приклучок на јавната водоводна инсталација.
Канализационо комплексот ќе биде опслужен со планираната канализациона мрежа поставена источно од градежната парцела долж ул. "Агрикор".(улица 3). Од страна на Јавното комунално претпријатие Водовод ќе треба да се утврди местоположбата и нивелетата на канализациониот приклучок.

Атмосферска канализација
Атмосферската канализација односно одводнувањето на отворените површини ќе се реши со приклучување на постоечката атмосферска канализација долж улица Елисие Поповски. Од страна на Јавното комунално претпријатие Струмица ќе треба да се утврди местоположбата и нивелетата на канализациониот приклучок

Техничка канализација
Примарната техничка канализација за прифаќање на техничките води се состои од канали Ф 200 мм.

3.5. Проектни решенија за приклучоците, објектите и водовите на внатрешен развод на Електро-енергетика

Димензионирањето на електричната мрежа и потребата од едновремена ангажирана ел.снага се определува према следните електроенергетски параметри:

КОМЕРЦИЈАЛНО ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

За овие намени едновремената ел.снага се определува према нивната нето развиена површина и следните критериуми:

- угостителство, туризам и сл. .....0,14 kW/м^2
- комерцијално деловни намени..... ...0,08 kW/м^2
- административен простор и јавни функции.....0,07 kW/м^2
- паркинг простори..... 0,04 kW/м^2

Енергетски комплексот ќе се снабдува од трафостаници која е во непосредна близина на градежната парцелата во зависност од енергетските услови кои треба да се добијат од ЕВН Македонија Кец Скопје.

За потребите на комплекс “Нов Градски пазар ”. е планирана нова трафостаница прикажана во КП6 во графичките подлоги. Поради значењето на објектот во фаза на изготвување на понатамошната проектна документација да се планира можност за напојување на повеќе приклучни точки во согласност со енергетски услови усогласени со ЕВН КЕЦ Струмица.

Телекомуникации

Телекомуникационите потреби комплексот ќе ги решава во согласност со својата деловна политика со овластените оператори за ваков вид на инфраструктурни мрежи.

3.6. Јавно осветлување

За непречено обавување на функциите на оваа ГП, предвидено е надворешно осветлување на новопроектираните улици. Истото ќе овозможи непречено движење по сообраќајниците во самата ГП. Инсталациите за осветлувањето ќе се водат во ров со димензии (0.8x0.4)m и паралелно со нив ќе се води железно поцинкувана трака FeZn-25x4mm за заземјување на столбовите. Ровот ќе се изработи во зеленилото на 0,5m од надворешната ивица на улиците. При премин под сообраќајниците ровот ќе биде со длабочина од 1m и инсталациите ќе се постават во тврда пластична цевка Ф100mm. Во истиот ров ќе се постави резервна цевка со истите димензии.

3.7. Проектно решение на отпад

Во Комплексот “Нов Градски пазар ” со урбанистичкото решение е предвидена површина за складирање на смет **(5.4)** каде се сместени садовите за складирање на смет кои можат да бидат подземни и надземни во зависност од возилата со кои располага Јавното комунално претпријатие Струмица, кој е корисник на пазарот. Транспотот на сметот ќе се одвива режимски по завршување на работата на пазарот.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

1. Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Урбанистичкиот проект и имаат дејство само врз градителската активност која ќе уследи по одобрување на урбанистичкиот проект.
2. Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.
3. Сите детални услови за проектирање и градење кои се зададени со овој Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште се комплементарни на условите зададени со важечкиот Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.). Условите од овој урбанистички проект единствено ги надополнуваат и детално разработуваат, а во никој случај не ги заменуваат условите за градење од важечкиот ДУП.
4. Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на опфатот. Специфичните параметри за уредување на просторот се однесуваат на поединечните утврдени површини за градење
5. Со овој урбанистички проект од претходно дефинираната градежна парцела 5 со Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.) се планира разработка согласно Законот урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22.
6. Со Урбанистичкиот проект се одредени:
   - Урбанистичко решение за проектниот опфат, односно за градежната парцела 5 со Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.)
   - Регулациско и нивелациско решение во рамките на проектниот опфат;
   - Поединечни површини за градење ограничени со градежни линии;
   - Максимално дозволена височина до хоризонталните венци на градбите, како и максимално дозволена катност;
   - Целосно решение на внатрешниот динамичен и стацинарен сообраќај;
   - Внатрешни водови на инфраструктурата за опслужување на новопроектираните градби.

7. Во графичките прилози од Планскиот дел на овој Урбанистички проект дадено е урбанистичко решение за проектниот опфат со зададени:
   - граница на градежна парцела 5,
   - површини за градење со градежни линии,
   - постојни градби без развој ограничени со информативни линии,
   - намена на градбите,
   - нумерација на поставените површини за градење,
   - вкупни површини на градежна парцела,
   - вкупна етажна површина за градење,
   - максимална височина на градбата изразена во метри,
   - максимален број на спратови,
   - кота на нултата плоча,
   - процент на изграденост на земјиштето,
   - коефициент на искористеност на земјиштето,
   - внатрешен и стационерен сообраќај,
   - нивелманско решение,
   - партерно уредување со хортикултура,
   - приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура.

8. Доколку во понатамошните фази се појави потреба за изменување на проектните решенија за новопроектираните градби во градежната парцела 5, потребно е да се изработи нов идеен проект, без потреба на изработување на нов урбанистички проект, кој се изработува согласно Член 48-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20) и подзаконските прописи донесени врз основа на овој Закон.

   Идејниот проект може да биде за целата градежно – конструктивна целина (сите површини за градење), но може да биде и за поединечна градба или дел од градба.

9. Во понатамошните фази на реализација за новопроектираните градби во градежната парцела 5, по издадено одобрение за градење, во текот на изградбата можат да се направат измени на градбата, доколку со измените не се влијае на исполнување на кое било основно барање за градбата и не се менува усогласеноста на градбата со параметрите од Планскиот дел од овој Урбанистички проект.
   Во ваков случај се постапува согласно Член 69 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20),

односно Инвеститорот е должен да поднесе барање со дополнување на основниот проект, во сè согласно пропишаното со членот 69, без потреба од изработка на нов Урбанистички проект и без потреба од изработка на нови идејни проекти.

Намената на градежната парцела е целосно во склад со зададеното со важечкиот Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.), а каде за градежната парцела 5 е **со примарна класа на намена Б2 – големи трговски единици (затворен пазар)** а при тоа усогласена со користената терминологија – класификацијата на намени зададена во Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22).

Примарна намена на градежната парцела 5 од Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.):

Б2 – големи трговски единици (затворен пазар)

За градежната парцела **5** дефинирани се и компатибилни намени, кои ги опфаќаат и компатибилните намени на содржините на објектот во изградба. Дозволени намени компатибилни на **примарна класа на намена Б2 – големи трговски единици (затворен пазар)** се:

- Б3- големи угостителски единици

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

Процентот на компатибилните намени не го надминува дозволениот процент на компатибилни намени согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/10)

10. Во рамките на проектниот опфат може да се појават и сите комплементарни намени кои ја дополнуваат примарната намена на градежната парцела и градбите и служат за нивно дополнување и функционално комплементирање, а во сè во склад со одредбите на Член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22). Вакви можни комплементарни намени се: деловите од градежната парцела и градбите што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање, површините под зеленило и деловите од парцелата и градбите што се неопходни за комуналните инфраструктури.

11. Во рамките на градежната парцела 5, со примарна намена **Б2-Здравство и социјална заштита**, се предвидува површина за градење за **Нов Градски Пазар (5.1)**

12. Зададените градежни линии се спроведуваат со дозволени пречекорувања на издадените елементи на архитектонската пластика на градбите.

    Дозволени се пречекорувања со:
    - првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа;
    - второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец, но најмалку на вертикално растојание од 3,60m над котата на заштитниот тротоар (теренот) и
    - третостепена пластика во која спаѓат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци стреи, брисолеи и друга плитка архитектонска пластика.

13. Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка големина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

    Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

    Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка големина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

    Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи, без површините од можните пречекорувања на градежните линии.

14. Максималната височина на градбите до кота на венец и на опремата е утврдена со Урбанистичкото Решение прикажана како бројка поединечно за секој објект во прилогот НУМЕРИЧКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ, т.е 11/5метри.

15. Од максималната височина на слемето и силуетата на покривот може да отстапуваат делови на градбата и тоа: кули, покривни баџи, издадени покривни елементи, оџаци, вентилациски канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко – технолошки инсталации, односно сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот

венец, односно над дозволената силуета на покривот, а во сè во склад со одредбите на Член 126 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22).

16. Во однос на решавањето на потребата за паркирање на моторни возила (стационарниот сообраќај) согласно Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 година е предвидено да се решава во рамките на градежната парцела 5 согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 142/10)

Сообраќајните потреби на комплесот треба да ги задоволат следните стандарди:

Б2 – големи трговски единици (затворен пазар)

1 паркинг место на 70 м2 вкупно изградена површина

Бруто развиена површина за затворен пазар – комплекс “Нов Градски пазар ” изнесува 16479 м² согласно што вкупниот број на паркинг места изнесува 240 што е основниот услов за постигнување на максималната висина и максимално дадената бруто развиена површина.

Во проектот се обезбедени 245 места за автомобили, 8 места за мотори и 60 места за велосипеди. Во рамките на влезот за товарни возила и достава на намирници се испланирани 66 паркинг места за мали камиони и посебни места за камиони наменети за собирање смет.

Со Идејниот проект предвиден е приземен објект каде бруто површина е 8409м² и се потребни 120паркинг места, но ако се утврди потреба за надградба на планираниот пазар обезбедени се потребните паркинг места и може со одобрување на нов Идеен проект согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20) да се продолжи без повторување на постапката за одобрување нов Урбанистички проект .

Од вкупниот број паркинг места се планираат 3% за инвалидизирани лица што пресметано изнесува 7 паркинг места.

17. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај имеративните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирањето на фасадите треба да се тежнее кон нивно максмално усогласување со соседните

објекти со композициските линии на соседите, но сепак максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

18. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се приеменуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепирани особи.

19. Површините за движење за пешаци кои се планираат со урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и секаде каде тоа теренот го дозволува да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подложен наклон од најмногу 8,33%.

20. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

21. Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела претставува однос помеѓу површината на градежното земјиште наменето за зеленило и вкупната површна на градежно земјиште изразено во проценти. , но истиот не смее да биде под 20% на ниво на градежната парцела, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ број 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20).

    Значаен дел на комплексот е наменет како парковско зеленило и изнесува 17205м², односно 40,09 % од парцелата. Решението на паркот треба да се утврди со посебен проект за хортикултурно уредување по највисоките европски хортикултурни и естетски стандарди.

    Во Проектот за хортикултура треба да се предвидат отворени тревни површини ограничени со високи и средно-високи дрвја.Употребата на грмушки и групации ниско зеленило да биде ограничена и проверена во близина на објектите, настрешниците и контролните точки на пешачките патеки.
    Да се предвидат растенија кои се локални, лесни за одржување и се отпорни на болести и инсекти.

    Растенијата да се постават така да не ја нарушуваат видливоста , циркулацијата и безбедноста на возачот/ пешакот.
    Зеленилото меѓу сообраќајниците изнесува 2426,24м², односно 5,65 % од парцелата.

    Влезовите во комплексот да бидат соодветно означени , како и објектите со соодветен правец на движење, притоа да нема мртви точки на движење и контрола на околината што е видливо од графичките прилози.

22. Услови за градење во објекти, содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводување на отпадни води.

23. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на површина бр.5.4 во рамките на проектниот опфат. а транспортот до депонија да биде режимски одреден со соодветни возила од страна на лиценцирани фирми за тоа.

24. Комплексот е ограден. Оградата се поставува на граница на ГП5

25. Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

За сè што не е регулирано со овие параметри, се применуваат одредбите на општите и посебни услови за градење од важечкиот Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.) Урбанистичкото решение е целосно во склад со дозволените параметри зададени со важечкиот Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.) Предмет на разработка е градежната парцела **5** претходно зададена со важечкиот Измена и дополна на ДУП за Блок 9, Општина Струмица (Одлука бр. 07-773/3 од 31.01.2013 год.), со вкупна површина од 143 461 м^2

Објект 5.1 НОВ ГРАДСКИ ПАЗАР

Намена: **Б2 – големи трговски единици (затворен пазар)**
Површина за градење 8384м^2
Дозволена вкупна развиена површина од сите нивои 16769м^2
Мах. Процент на изграденост (Р) 19,54%
Мах. Коефициент на искористеност 0,391
Мах. број нивои (без подземни) П+2
Мах. висина до венец Н=11.0м
Паркирање на партер: 240места

Спроведување: Согласно приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект.

Објект 5.2 ПОРТИРНИЦА

Намена: **Б2 – големи трговски единици (затворен пазар)**
Површина за градење 25м^2
Дозволена вкупна развиена површина од сите нивои 25м^2
Мах. Процент на изграденост (Р) 0,06%
Мах. Коефициент на искористеност 0,001
Мах. број нивои (без подземни) П
Мах. висина до венец Н=5.0м
Паркирање на партер: /

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

5.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно допис од Министерство за култура бр. 17-2589/2 од 18.10.2022 , за локацијата за кој се работи урбанистчки проект нема евидентирани археолошки локалитети.

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04 , 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18)

6.2. Мерки за заштита животна средина

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10 , 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, 67/04, 92/07 35/10 , 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15);

Закон за води (Сл.в. на РМ, 87/08, 06/09, 161/09 83/10 ,51/11 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. нА РМ 79/07 , 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
Закон за управување со отпадот (Сл. Весник на РМ 39/16 и 63/16));
Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ 67/04, 14/06, 84/07 .35/10 , 47/11 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Мерки за заштита на почвата

При проектирање и изградба на Нов Градски Пазар да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности и квалитетот. Изградбата на новите содржини вклучува изградба на насип и усек од двете страни на улицата со различна ширина, како и

раскопување и одстранување на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне создавање прашина, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз жителите на улицата.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата како и растот на корењата кај растенијата. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши за краток период на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

Мерки за управување со отпадот

На локацијата е регистриран шут од градежен материјал кој е нелегално поставен и истиот треба да биде отстренет пред започнување на градбата. Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани количина на почва од темелењето на објектот. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

Согласно Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ 39/16 и 63/16), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на отпадните материи во депонија. Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија. Предвидено е организирано собирање и одложување на отпадот во постојната депонија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Мерки за заштита на воздухот

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.в. на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15);)

Мерки за заштита од бучава во животната средина

Во насока на минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на градба и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина во текот на експлоатациониот период.

Заштита од бучава е регулирана со законски и подзаконски акти:Закон за заштита на животната средина (Сл.весник на рм 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 0), Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл.весник на рм бр.03/90)

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од улицата треба да се решава со насади од растителни видови (вегетација во функција на заштитни зелени бариери).

6.3. Мерки за заштита и спасување

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

